**Референтни метаподатоци**


1 Контакт
2 Ажурирање метаподатоци
3 Статистичка презентација
4 Единица на мерење
5 Референтен период
6 Институционален мандат
7 Доверливост
8 Политика за објавување
9 Фреквенција на дисеминација
10 Достапност и јасност
11 Управување со квалитет
12 Релевантност
13 Точност и веродостојност
14 Навременост и точност
15 Кохерентност и споредливост
16 Трошок и оптовареност
17 Ревизија на податоците
18 Статистичка обработка
19 Коментар
A.1 Анекси


Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

# Статистичко истражување за доселени/отселени странци

# НМ_МИГ.СТР_А_МК_2024_1

# Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| **1** | **Контакт** |
|---|---|
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за статистика на население | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Јане Крстески | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Советник | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| jane.krsteski@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 3295-600 | |
| **1.8** | **Факс** |
| 00389 2 3111 336 | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| | 29/08/2025 |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |

01/09/2025

| 2.3 | Последно ажурирање на метаподатоците |
|---|---|

01/09/2025

| 3 | Статистичка презентација |
|---|---|

| 3.1 | Опис на податоците |
|---|---|

Податоци за преселбата - миграцијата како појава заедно со демографските и социоеконсмките карактеристики на доселените и отселени странци во рамките и од Република Македонија, евидентиран во регистарот за странци на Министерството за внатрешни работи.

| 3.2 | Систем на класификации |
|---|---|

Список на држави.

Национални класификации за:

- Образование (https://www.stat.gov.mk/Nacionalni_Klasifikacii2.aspx?rbr=28, https://www.stat.gov.mk/Nacionalni_Klasifikacii2.aspx?rbr=13)

- Занимање (https://www.stat.gov.mk/Nacionalni_Klasifikacii2.aspx?rbr=12)

- Дејност (https://www.stat.gov.mk/Nacionalni_Klasifikacii2.aspx?rbr=1)

- Номенклатура на територијални единици за статистика (https://www.stat.gov.mk/Nacionalni_Klasifikacii2.aspx?rbr=17)

| 3.3 | Опфат на сектор/и |
|---|---|

Население и миграции

| 3.4 | Статистички концепти и дефиниции |
|---|---|

Како странец се смета секое лице кое не е државјанин на Република Македонија. Странец е: -Лица со странско државјанство и дозвола за постојан или привремен престој во Република Македонија, -Лица со странско државјанство и валидна дозвола за работа или бизнис виза, кои имаат регистрирано за привремен престој во Република Македонија, -Лица без основа на државјанство или без државјанство, кои имаат регистрирано постојан или привремен престој во Република Македонија, Под место на привремен престој на странецот се подразбира местото во кое се населил со намера привремено да престојува на територијата на Република Македонија. Престојот на странците е временски ограничен во зависност од видот на дозволата која ја добиваат врз основа на соодветна документација издадена од МВР. Меѓународната миграција е просторното движење каде што претходното или новото место на престој на емиграција е во друга држава - странска држава. Земја на ново место на престој е земјата во која едно лице има намера да живе по емиграцијата од Република Македонија. Земја на поранешно место на престој-живеење е државата пред последната имиграција во Република Македонија.

| 3.5 | Статистичка единица |
|---|---|

Секој доселен и отселен странец во рамките и од Република Македонија, настанати во текот на една календарска година, евидентиран во регистарот за странци на Министерството за внатрешни работи.

| 3.6 | Статистичка популација |
|---|---|

Вкупниот број на доселени и отселени странци во и од други држави во Република Македонија, настанати во текот на една календарска година, евидентирани од страна на надлежните служби на Министерството за внатрешни работи (МВР).

| 3.7 | Референтна област |
|---|---|

Географското ниво според кое се прави публикувањето на податоците и е во согласност со Програмата за статистички истражувања т.е на  национално. регионално и на ниво на општини.

| 3.8 | Временска покриеност |
|---|---|

Од 1994 година на национално и регионално ниво според Номенклатура на територијални единици за статистика - НТЕС.

| 3.9 | Базен период |
|---|---|

Не е релавантно.

| 4 | Единица на мерење |
|---|---|

Број.

| 5 | Референтен период |
|---|---|

Година (Календарската година од 01.01. до 31.12.).

| 6 | Институционален мандат |
|---|---|

| 6.1 | Законски акти и други договори |
|---|---|

НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА
Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија' бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx)
Програма за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/23). (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=8)

Меѓународни: Regulation (EU) No. 862/2007 and of the Council of 11 July 2007 on Community statistics on migration and international protection and repealing Council Regulation (EEC) No 311/76 on the compilation of statistics on foreign workers, Regulation (EU) No.2020/851.

| 6.2 | Споделување на податоци |
|---|---|

Податоците се споделуваат со заеднички годишен прашалник и доставуваат преку eDAMIS до Евростат: Eurostat POPulation STATistics data collection (POPSTAT)"

| 7 | Доверливост |
|---|---|

| 7.1 | Доверливост - политика |
|---|---|

Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со Законот за државна статистика (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) . 2.Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во Политиката за статистичка доверливост ( https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf ).

| 7.2 | Доверливост - третирање на податоците |
|---|---|

Во согласност со член 38 од Законот за државна статистика ( https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) и Политиката за доверливост ( https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf),индивидуалните податоци не се објавуваат. Но, доколку се обезбедува пристап до микроподатоци од соодветното истражување, тогаш треба да се наведат методите кои се користат за спречување на разоткривање на податоците.

| 8 | Политика за објавување |
|---|---|

| 8.1 | Календар на објавување |
|---|---|

Датумот на објавување на податоците се утврдува во Календарот за објавување на Соопшгтенија, кој се ажурира квартално.

| 8.2 | Пристап до Календарот на објавување |
|---|---|

https://www.stat.mk/en/publishing-calendar/#/

| 8.3 | Кориснички пристап |
|---|---|

Сите корисници имаат истовремено ( или еднаков) пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување. Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „Соопштенија " на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

| 9 | Фреквенција на дисеминација |
|---|---|

Годишно

| 10 | Достапност и јасност |
|---|---|

Соопштението Демографски податоци според градски и селски подрачја по региони, 2024 година се објавува годишно и е достапно на ВЕБ страницата на ДЗС во поглавјето:„Соопштенија"

https://www.stat.mk/mk/stat/население-и-услови-за-живеење/naselenie/демографски-податоци-според-градски-и-селски-подрачја-по-региони/демографски-податоци-според-градски-и-селски-подрачја-по-региони-2024-година/

| 10.1 | Соопштенија |
|---|---|

Годишно соопштение: „Живородени деца, умрени лица и миграции според градски и селски подрачја и по региони". Број на прегледи од веб-страната -168
http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=6

| 10.2 | Публикации |
|---|---|

Статистички преглед: „Миграции". Број на прегледи од веб-страната - 323.
http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.07.pdf

Макстат избор: https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija_1.aspx?rbr=846

Мажите и Жените во Северна Македонија:
https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija_1.aspx?rbr=829

| 10.3 | Онлајн база на податоци |
|---|---|

МакСтат база на податоци достапна на веб-страницата на ДЗС. Број на прегледи од веб-страната - 781. http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

| 10.4 | Пристап до микроподатоци |
|---|---|

Во согласност со Законот за државната статистика (член 41) и со Политиката за пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели, податоците што се прибрани за потребите на официјалната статистика може да се користат за научно-истражувачки цели ако не е загрозена нивната директна или индиректна идентификација, т.е. откривањето на индивидуалноста на податокот. Пристапот до микроподатоци е возможен само во просторија на ДЗС, а врз основа на претходно доставено и одобрено барање и потпишан договор.
http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22

| 10.5 | Друго |
|---|---|

По барање на корисниците, податоците се подготвуваат и во форма согласно нивните потреби. Во овој дел се известува доколку податоците се доставуваат преку ЕДАМИС.

## 10.6 Документација за методологијата

Методолошките објаснувања се составен дел од годишното соопштение „Живородени деца, умрени лица и миграции според градски и селски подрачја и по региони“ и се објавени на веб-страницата на Државниот завод за статистика. http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=2
Методолошките објаснувања кои се дел од публикацијата „Миграции, 2015“ се објавени на веб-страницата на Државниот завод за статистика.
http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=9

## 10.7 Документација за квалитетот

Извештајот се подготвува во согласност со интерните упатства и е само за интерна употреба.

# 11 Управување со квалитет

## 11.1 Обезбедување на квалитетот

Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на Европскиот Кодекс за работа на европската статистика (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2) и Рамката за оценка на квалитетот во рамките на Европскиот статистички систем ( ESS Quality Assusrance Framework--https://ec.europa.eu/eurostat/documents/64157/4392716/ESS-QAF-V2.0-final.pdf). Критериумите за квалитет се утврдени и во Законот за државна статистика во член 4б и член 4в (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx).

## 11.2 Оценка на квалитетот

Државниот завод за статистика ги реализира статистичките активности во согласност со Статистичкиот бизнис процес модел, кој се базира на меѓународниот модел - Генерички статистички бизнос процес модел (Generic Statistical Business Process Model-GSBPM) .
Примената на овој модел, како и примената на меѓународните стандарди во статистичката продукција обезбедуваат високо ниво на точност и споредливост на податоците.

# 12 Релевантност

## 12.1 Потреби на корисниците

Податоци и индикатори кои се пресметуваат од статистичкото истражување за доселени-отселени странци, се од постојан предмет на интерес како од страна на домашнта јавност така и од меѓународната (пр. институции, универзитети, медиуми и поединци) и се применуваат во градењето на политиките за научни и развојни цели во општеството. Податоците се користат директно, но исто така се користат и за пресметување на индикатори од други статистички сектори.

## 12.2 Задоволство на корисниците

Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за задоволство на корисниците.

## 12.3 Комплетност

Во однос на индикаторите кои се предвидени според Регулативата бр. 862/2007 на Европската Комисија, ДЗС обезбедува околу 80% од нив.

# 13 Точност и веродостојност

## 13.1 Севкупна точност

Методологијата на истражувањето и начинот на прибирање на податоците обезбедуваат солиден опфат и точност на податоците.

## 13.2 Примерочни грешки

Точноста на податоците се обезбедува преку преземање на мерки за намалување на примерочните и/или непримерочните грешки, како и дополнителна споредба и анализа на податоците пред тие да бидат објавени.

| 13.3 | Непримерочни грешки |
|---|---|

Грешки во опфатот: Се обезбедува 100% опфат. Грешки во обработката: Во обработката се имплементирани правила за контроли и пресметки на излезните податоци. Грешки во неодговор: Со оглед на обезбедениот целосен опфат, грешки во неодговор нема.

| 14 | Навременост и точност |
|---|---|

| 14.1 | Навременост |
|---|---|

T + 180

| 14.2 | Точност |
|---|---|

Податоците се објавени во утврдените рокови во согласност со Календарот на навременост.

| 15 | Кохерентност и споредливост |
|---|---|

| 15.1 | Географска споредливост |
|---|---|

Постои географска споредливост на дисеминираните податоците на национално ниво и на ниво на региони. Во однос на географската споредливост со останатите европски земји, исто така, е обезбедена споредливост бидејќи податоците се прибираат во согласност со европските регулативи.

| 15.2 | Временска споредливост |
|---|---|

На национално и регонално ниво без прекин во временската серија обезбедена е споредливост на податоците од 1994 година. Број на референтни периоди во временската серија од последниот прекин: 22.

| 15.3 | Међудоменска кохерентност |
|---|---|

Међудоменска кохерентност е обезбедена (споредба со податоците од административниот регистар на населението).

| 15.4 | Внатрешна кохерентност |
|---|---|

Внатрешната кохерентност на податоците е обезбедена. Преку кварталните податоци во тековната година се следи опфатот и трендот на движење на третираната појава (доселени-отселени странци) со дефинитивните податоци од претходната година.

| 16 | Трошок и оптовареност |
|---|---|

| 17 | Ревизија на податоците |
|---|---|

| 17.1 | Политика за ревизија на податоците |
|---|---|

Во согласност со Политиката за ревизија на податоци во ДЗС.
http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=25

| 17.2 | Практика за ревизија на податоците |
|---|---|

| 18 | Статистичка обработка |
|---|---|

| 18.1 | Извори на податоци |
|---|---|

Извор на податоците за доселените - отселените странци е административен т.е евиденциските регистри за странци во надлежност на Министерството за внатрешни работи.

| 18.2 | Фреквенција на прибирање податоци |
|---|---|

Тримесечна.

## 18.3 Прибирање на податоците

Од 2009 година, Државниот завод за статистика евиденцијата за промената на движењето и престојот на странците го врши со електронско преземање од евиденционите регистри на МВР.

## 18.4 Проверка на податоците

Проверка на подтоците се врши со логичка контрола изработена од страна на стручното одделение. Доколку се утврдат одредени нелогичности податоците се проверуваат преку директен контакт со одговорните лица од извештајната единица. Се врши споредба со податоците обработени во претходната година, за да се утврдат евентуални нелогични отстапувања, и доколку е потребно се правта корекции, според утврдени методолошки правила и упатстава за контрола.

## 18.5 Компилирање податоци

По електронско преземање на податоците од евиденционите регистри на МВР, се врши нивно обединување, последователни контроли, обработка и табелирање на податоците од страна на стручното одделение во ДЗС, при што се користат утврдените методолошки правила и дефинирани критериуми за контрола. Недостигот на некои податоци се обезбедува со соодветна импутација на податокот, при што се користат утврдени методолошки правила и упатства за контрола.

## 18.6 Прилагодување

Не се врши израмнување на податоците.

## 19 Коментар

## A.1 Анекси

Државен завод за статистика